# ESSENTIAL REVIEW AND TREATMENT OF EDUCATIONAL DISORDERS IN PRIMARY EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Gjorgina Kjimova**
International Slavic University "GR Derzhavin" Sveti Nikole, Bitola, Republic of North Macedonia, ginakimova@yahoo.com

**Abstract:** Facing the challenges of modern education, the changes that it brings with the emphasis on the uniqueness of each child, it has little time for a deeper focus from teaching staff on children with learning disabilities. Learning disabilities are problems that do not have the full label of "special needs", so they are often not experienced in a timely and usually that dont have a serious manner for special treatment. As a result, the consequences for children with learning disabilities are multiple, affecting self-esteem and motivation. Learning disability is actually a type of information processing problem that prevents a person from learning certain material, gaining ability and skill and using it effectively. Learning disabilities usually affect children with average or above average intelligence. It occurs as an inability to achieve the expected goals, abilities and skills provided for a certain age of a typical population of students, or students with average intelligence. Learning disabilities affect a child's abilities in reading, writing, math, or nonverbal skills. A child with learning disabilities in nonverbal skills may have problems interpreting facial expressions and nonverbal cues in social interactions, problems with appropriate language use in social situations, with physical coordination, with fine motor skills such as writing, with attention , by understanding reading at a higher level. Factors that may influence the development of learning disabilities include: family history and genetics, prenatal and neonatal risks, psychological trauma, physical trauma, unhealthy or polluted environment. Signs of possible learning disabilities include: insufficiently mastered reading, spelling, writing, or math skills, difficulty understanding and following instructions, short-term memory problems, poor walking coordination, sports or skills such as holding a pencil, having difficulty understanding the concept of time, having difficulty doing homework or activities that involve reading, writing or math, or a constant inability to complete homework without significant help, showing disobedience, hostility or excessive emotional reactions at school or while doing homework or reading. Early intervention is necessary because the problem can have huge consequences at all levels of student development. A child who has problems in primary school will not be able to handle the contents in high school and further in higher education. Children with learning disabilities may also experience anxiety, depression, low self-esteem, chronic fatigue, or loss of motivation. Therefore, timely detection and appropriate individual treatment of the problem is of particular importance. Due to that fact, the paper provides an overview for creating insight into the concept, causes, signs and suggestions for treating learning disorders of primary school students, through research of the problem in practice which has a special applicative meaning.
**Keywords:** Learning disabilities, primary education, factors, signs, treatment

# СУШТИНСКИ ОСВРТ И ТРЕТМАН НА НАРУШУВАЊА ВО УЧЕЊЕТО ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Ѓорѓина Ќимова**
Меѓународен Славјански Универзитет ,,Г.Р.Државин,, Свети Николе,Битола, Република Македонија, маил ginakimova@yahoo.com

**Резиме**: Сооченоста со предизвиците на современото образование, промените кои ги носи и акцентот на посебноста на секое дете, остава малку простор за подлабока насоченост на наставниот кадар кон децата кои имаат нарушувања во учењето. Нарушувањата во учењето се проблеми кои немаат целосна етикета на ,,посебни потреби,,, па така често не се доживуваат навремено и сериозно за посебен третаман. Како резултат на тоа последиците по децата кои имаат нарушувања во учењето се многукратни, влијаат на самодовербата и мотивацијата. Нарушувањето во учењето всушност претставува вид на проблем во обработка на информации што го спречува лицето да научи одреден материјал, да стекне способност и вештина и да ја користи истата ефикасно. Нарушувањата во учењето вообичаено влијаат на децата со просечна или над просечна интелигенција. Се јавува како неможност да се остварат очекуваните цели, способности и вештини предвидени за одредена возраст на типична популација на ученици, односно ученици со просечна интелигенција. Нарушувањата на учењето влијаат на способностите на детето во читање, во писмено изразување, во математика или во невербални вештини. Дете со нарушување на учењето

во невербални вештини може да има проблеми со толкување на изрази на лицето и невербални сигнали во социјалните интеракции, проблеми со соодветно користење јазик во социјални ситуации, со физичка координација, со фини моторни вештини, како што е пишувањето, со вниманието, со разбирање на читање на повисоко ниво и слично. Фактори кои можат да влијаат на развојот на нарушувања во учењето вклучуваат: семејна историја и генетика, пренатални и неонатални ризици, доживеана психолошка траума, физичка траума, нездрава односно загадена животна средина. Знаците кои укажуваат на можни нарушувања во учењето се однесуваат на : недоволно совладани вештини за читање, за правопис, за пишување или за математика на соодветно ниво, тешкотии со разбирање и следење на упатствата, проблеми со краткотрајна меморија, слаба координација при одење, при спорт или вештини како што е држење молив, потешкотии во разбирањето на концептот на време, спротивставување на вршење на домашни задачи или активности што вклучуваат читање, пишување или математика или постојано неможност да се завршат домашни задачи без значителна помош, покажување непокор, непријателство или прекумерни емоционални реакции на училиште или додека работи домашни задачи или читање. Раната интервенција е неопходна бидејќи проблемот може да има огромни последници на сите нивоа на развој на ученикот. Дете кое има проблеми во основно училиште, нема да може да се справи со содржините во средно училиште и понатаму на високо образование. Децата кои имаат нарушувања во учењето исто така можат да доживеат анксиозност, депресија, слаба самодоверба, хроничен замор или губење на мотивацијата. Затоа од посебно значење е навремена детекција и соодветен индивидуален третман на проблемот. Поради тој факт во трудот е даден преглед за создавање на увид во поимот, причините, знаците и сугестиите за третирање на нарушувањата во учењето на учениците во основно образование, низ истражување на проблемот во пракса кое има посебно апликативно значање .

**Клучни зборови:** Нарушувања во учење, основно образование, фактори, знаци ,третман

## 1. ВОВЕД

Нарушувањата во учењето претставуваат потешкотија со која се соочуваат најчесто просечните деца и опфаќа широка плејада на проблеми од отежнато читање, пишување, проблеми со едноставни математички пресметки до проблеми во социјална комуникација. Поради така наречената ,,тивкост,, на проблемот често не се детектира навремено, но можностите за последици се долготрајни и опфаќаат повеќе компоненти на развојот на личноста. Нарушувањата во учењето може да бидат понекогаш лесни и краткотрајни, па сѐ до потешки форми и со траење во текот на целиот живот. Тие не можат да се идентификуваат сѐ додека детето не тргне во училиште, односно додека не почне да извршува задачи кои се својствени за негова возраст, чие нецелосно исполнување ќе укаже на проблеми во полето на когнитивните процеси. Ефектите на нарушувањата во учењето се огледуваат во неисполнети минимум стандарди кои се очекуваат од деца на соодветна возраст, несоздадени навики и несоодветно социјално однесување. Поради нејасното манифестирање на ефектите со нарушено учење, тешко е да се открие дали детето со сигурност има нарушување во учењето. Кога детето веќе е повозрасно, може да е веќе подлабок проблемот и за негово третирање ќе треба поголем временски период. Посебно е важна информираноста на родителите, наставниците дури и на децата за нарушувањата во учењето. Познавањето на проблемот ја отвара можноста за навремената детекција и соодветниот третман на проблемот. Соочувањето со проблемот и неговото пријавување на стручни лица е првиот чекор кон негово решавање. Поради тој факт, посебно значење има суштинскиот увид во поимот, причините, знаците и сугестиите за третирање на нарушувањата во учењето на учениците во основно образование од страна на сите стручни лица кои наставно или научно се занимаваат со образование.

## 2. НАРУШУВАЊАТА ВО УЧЕЊЕТО

Нарушувањето во учењето претставува проблем на обработка на информации што го спречува лицето да научи одредена информација, способност и вештина и да ја користи ефикасно. Нарушувањата во учењето обично се јавуваат кај лицата со просечна или над просечна интелигенција. Како резултат на нарушувањето во учењето настанува дисбаланс помеѓу очекуваните знаења, способности и вештини, типични за соодветната возраст и реалните резулати кои детето ги постигнува. Нарушувањата во учењето можат да вклучуваат различни типови тешкотии, почнувајќи од читање, пишување, математика па се до организацоните способности, социјалната интеракција и преземање на акција. Тие можат да произлезат од разни проблеми кои се јавуваат во областа на внимание, говор, како и кај пониско ниво на интелектуални способности. Поради различноста на причините и различните типови на нарушувањата во учењето, неопходно мора да се прилагодат различни индивидуални пристапи за поддршка и развој на секој ученик со претходно детектирање на причините и видливите знаци на нарушувањето.

Децата со општи тешкотии во учењето имаат побавен развој на општите когнитивни способности, побавно учат и имаат пониски постигнувања во повеќето наставни предмети. Нив им е потребно повеќе време и повеќе повторувања за постигнување на пониските или повисоки наставни цели, и но сепак имаат развој и постигнувања. Одреден дел од децата поради социјални, економски или културни недостатоци ги немаат неопходните поттикнувања и заостануваат во постигнувањата и во однесувањето во училиштето.
Децата кои имаат поголеми и специфични тешкотии во учењето се релативно помалку успешни при усвојувањето на знаењата и вештините во едно или повеќе подрачја на учење. Тоа се ученици со проблеми во раниот развој, со проблеми со вниманието, со мислењето, со комуникацијата, со социјалното однесување и емоциите. Овие деца најчесто имаат поголеми проблеми со примањето, обработката, складирањето и користењето на новите информации.
Нарушувањата во учењето извираат од различни фактори. Се делат на внатрешни фактори кои се однесуваат на ниски интелектуални способности, разни попречености на полето на перцепциите, социјално емотивното приспособување, физиолошки попречености, послабо развиени способности за самоконтрола и надворешни фактори кои се однесуваат на социјални, културни ограничености, како и на недоволно познавање на јазикот, отсуство на интерес, поддршка за учење од семејството, отфрленост од средината, недоволно нестимулирачка средина и сиромаштија. Нарушувањата во учењето, како што е наведено се јавуваат како резултат на намалување на функционалноста на еден или повеќе процеси поврзани со перципирањето, памтењето и мислењето. Тука се вклучени, но не секогаш, и процесите на говор, јазичните способности, визуелно-спацијалниот процес, процесите на брзина, внимание, концентрација и послложените мисловни функции, како што се планирањето и носењето одлуки. Многу деца со нарушувања во учењето, се борат сами со себе во училиште долго пред да бидат дијагностицирани. Овој проблем остава повеќекратни и длабоки лузни на младата детска психа и може да влијае на самодовербата, самоконтролата и мотивацијата за учење на детето. Затоа од посебно знаење е раното препознавање на знаци на нарушување во учењето и соодветното третирање за надминување на овој проблем. Најчестите нарушувања на учењето се јавуваат како нарушувања на способностите на детето во читање, во писмено изразување, во математичка област и невербални вештини.
Нарушувања во читање: Нарушувањата во учењето при читање обично се засноваат на тешкотии во перцепцијата на изговорениот збор како комбинација на одделни звуци. Ова може да го отежне разбирањето како буквата или буквите претставуваат звук и како комбинациите на буквите создаваат збор. Проблемите со работната краткотрајна меморија односно можноста да се чуваат и манипулираат со информации во моментот, исто така можат да играат улога. Дури и кога ќе се совладаат основните вештини за читање, децата може да имаат потешкотии со следниве вештини: читање со соодветно темпо, разбирање на прочитаното, неможност за точно потсетување на она што го читаат, извлекување заклучоци врз основа на прочитаното, делење на слогови, тешкотии со краткотрајната меморија при што е оневозможено помнење на редоследот на слоговите, а со тоа и нивното поврзување во збор, тешкотии во снаоѓање во временски и просторни низи, организација на информации, изменета перцепција на буквите, губење на делови од буквите или зборовите, движење или свртување на буквите, претопување на редовите во текстот, губење на делови од реченица или почетокот и крајот на зборот, дезориентација во правци лево, десно, горе, долу.
Нарушувањето во учењето во читањето обично се нарекува дислексија, иако постојат и поширoки проблеми за обработка на информации што можат да предизвикаат потешкотии при читањето. Дислексија претставува потешкотија во читање, пишување како и разбирање на прочитаното и напишаното. Дислексијата во групата словенски јазици е достигнува од 10% до 15%. Светските статистики покажуваат дека 80% од учениците со слаб успех имаат дислексија. Луѓето со дислексија имаат вообичаено се со просечна или над просечна интелигенција. Дислексија претставува јазично втемелена тешкотија со конституциско потекло, а ја карактеризираат тешкотии во декодирањето на прочитаниот збор. Овие тешкотии се неочакувани во однос на возраста, интелектуалните способности, а не се резултат на општите развојни или сензорни нарушувања, како што се оштетување на видот, или слухот. Клучни тешкотии кај децата со дислесија се тешкотиите во процесите на спојување на букви и слогови и автоматко читање на цели зборови, што е често придружено со недоволно разбирање на прочитаното и тешкотии кај усното изразување. Самата дислексија не претставува единствено проблем на читањето, туку се работи и за говорен и психомоторен проблем.
Писмено изразување: Пишувањето бара комплексни визуелни, ситномоторни и вештини за обработка на информации. Нарушување на учењето при писмено изразување може да се карактеризира со следново: бавен и ракопис кој бара вложување многу труд , ракопис што е тежок за читање, тешкотија во преточување на мисла во писмена форма, напишан текст не е добро организиран или е тешко разбирлив, проблем со правописот, граматика и интерпункција.

Математика:Нарушување на учењето во математичка област може да предизвика проблеми со следниве вештини: разбирање што претставуваат броевите и како се однесуваат едни со други, пресметување на едноставни математички проблеми, меморирање на основните елементарни пресметки, користење математички симболи, разбирање на математички проблеми со зборови односно текстулани задачи, организирање и помнење на информации при решавање на математички проблем.

Невербални вештини: Дете со нарушување на учењето во однос на невербалните вештини развива добри основни јазични вештини и силни вештини за меморирање рано во детството. Тешкотиите се присутни во визуелно-спацијалните вештини, визуелно-моторните вештини и други вештини потребни во социјалното или академското функционирање. Дете со нарушување на учењето во невербални вештини може да има проблеми со следниве вештини: толкување на изрази на лицето и невербални сигнали во социјални интеракции, проблеми со соодветно користење на јазик во социјални ситуации, физичка координација, фини моторни вештини, како што се пишување, внимание, планирање и организирање, разбирање на читање на повисоко ниво или пишан израз, обично се појавува во училиште од подоцнежните нивоа на образование.

Фактори кои можат да влијаат на на нарушувања во учењето вклучуваат:Семејна историја и генетика. Семејната историја на нарушувања во учењето го зголемува ризикот од појава и развој на нарушување кај детето;Пренатални и неонатални ризици. Слабиот раст во матката, изложеност на алкохол или лекови пред раѓањето, предвремено раѓање и многу мала родилна тежина се поврзани со нарушувања во учењето;Психолошка траума. Психолошка траума или злоупотреба во раното детство може да влијае на развојот на мозокот и да го зголеми ризикот од нарушувања во учењето; Физичка траума. Повредите на главата или инфекциите на нервниот систем може да играат улога во развојот на нарушувања во учењето; Изложеност на загадена животната средина. Изложеноста на високо ниво на токсини, како што е оловото, е поврзана со зголемен ризик од нарушувања во учењето.

Како сериозни знаци кои укажуваат на нарушувања во учењето се:недоволно совладани вештини за читање, правопис, пишување или математика својствени за очекуваната возраст и одделение; тешкотии при разберирање и следење на упатствата; проблем со краткотрајна меморија; недостастаток на координација при одење, спорт или вештини како што е држење молив; лесно ги губи или заборава на домашните задачи, учебници или други предмети; тешкотија за разбирање на концептот на време; спротивставување на вршење на домашни задачи или активности кои вклучуваат читање, пишување или математика или континуирано не можат да завршат домашни задачи без значителна помош; покажување непријателство или прекумерни емоционални реакции на училиште или додека работи домашни задачи или читање.

## 3. ИСТРАЖУВАЊЕ

Големото значење на проблемот и повеќекратните последици кои ги има на детскиот развој е мотивот за спроведување на истражување. Спроведено е истражување во пракса односно во дванаесет основни училишта во Република Северна Македонија со цел дескриптивно да се согледа застапеноста на нарушувања во учењето и типот на нарушувања во учењето. Добиените резултати низ сугестиите за истите ќе имаат посебно апликативно значање .

Истражувањето беше реализирано во периодот на крај на учебната 2018/2019 во месец мај во дванаесет основни училишта по случаен избор. Единици на анализа беа професори по одделенска настава вкупно 106 кои држат настава од прво до петто одделение во градска и селска средина. Со техника на анкетирање, со специјално адаптиран инструмент анкетен лист со Ликертова скала изразија свое видување на проблемот на истражување. Податоците беа обработени со софтверскиот пакет SPSS на ниво на дескриптивна статистика и накратко беа добиени следните заклучни согледувања:

Просечните години на професорите по одделенска настава кои беа анкетирани се 41 година, од кои 94 или 88.68% професори се од женски пол, а 12 или 11.32 % професори се од машки пол. Посебно добиените резултати се однесуваат на следното:

Од вкуните одговори на професорите по одделенска настава утврдено е дека забалежале нарушуавња на учењето кај 215 ученици од вкупниот број ученици што преточено во процент е 6.67% од вкупниот број ученици.

Во однос на нарушувањата во учењето кај учениците од прво до петто одделение професорите по одделенска настава се изјасниле дека најзастапени се нарушувања во читање со 54.85%, следуваат нарушувања во математика со 39.11%, потешкотии во пишување со 3.04% и проблеми поврзани со невербалните вештини 3%.

Во однос на нарушувањата во читање највидливи знаци се читање со бавно темпо според 54.9%, следи неразбирање на прочитаното 28.7%, а потоа тешкотии со краткотрајната меморија 16.4%.

Во однос на нарушувања во пишувањето, најчести знаци се бавно пишување со 37.15%, нечитлив ракопис со % 34.58, потешкотии за претварање на мисла во писмена форма со 28.27 %

Во однос на нарушувањата во математика највидливи знаци се тешко разбирање на поимот број со 63.15%, тешкотии со едноставни математички операции кај 20.59%, потешкотии со едноставни текстуални задачи со 16.26%

Во однос на нарушувања во невербалните вештини, најчести знаци се неправилно толкување на невербални сигнали во социјални ситуации со 67.42%, потешкотии со физичка координација кај 30.44%, претерани емоционални реакции кај 2.14%.

Прикажаните резултати кои се однесуваат на застапеноста и типот на нарушувања на учењето, како и нивните најзастапени знаци, укажуваат на сериозната бројка на ученици со нарушувања во учењето. Ако на ова се додадат не така видливите знаци на проблеми со учењето, веројатноста за поголема бројка би се зголемила.Тоа упатува на сериозноста од подлабока анализа и третирање на овој проблем. Добиените податоци освен што укажуваат на застапеноста на проблемот, но истовремерно укажуваат и на подготвеноста на професорите по одделенска настава за детектирање на проблемите поврзани со нарушување на учењето. Ова од друга стана насочува на потребата од нивно дополнително ангажирање, соработка со останатата стручна актива, како и нивно додатни едкукации, но и мотивација. Заклучните согледувања на истражувањето освен на подготвеноста на наставниот кадар , укажуваат и на потребата од нивно вклучување во истражувања, како најкомпетентни одрази на реалнатаобразовна пракса. Ова истражување е поттик и кон понатамошни поголеми истражувања на проблемот .

## 4. ЗАКЛУЧОК

Раната интервенција е неопходна бидејќи проблемот може да има многу поголеми мулти последици. Дете кое не научило да собира во основно училиште, нема да може да се справи со алгебрата во средно училиште. Децата кои имаат нарушувања во учењето исто така можат да доживеат анксиозност во работата, депресија, слаба самодоверба, хроничен замор или губење на мотивацијата.

Наставник, родител или старател на дете, лекар или друг професионалец може да побара проценка и испитувања на детето ако забележал и има загриженост за проблеми со учењето. Треба најпрво да се направат тестови за да се исклучат медицински проблеми со видот или слухот или други медицински состојби. Често, детето ќе има серија испитувања спроведени од тим професионалци, вклучувајќи психолог, дефектолог, професионален терапевт, социјален работник или медицинска сестра.

Утврдувањето на нарушувањето во учењето и потребата од третман се засноваат на резултатите од тестовите, повратните информации од наставниците, информациите од родителите или старателите. Доколку се утврди нарушување во учењето, може да се препорача:

1.Дополнителна помош. Наставник кој дополнително ќе работи за читање, по математика или друг обучен професионалец може да го научи детето на техники за подобрување на неговите академски и организациски вештини.

2.Релокација. Сместувањата во училницата може да вклучуваат повеќе време за завршување на задачи или тестови, седење во близина на наставникот за да се промовира внимание, употреба на компјутерски апликации што поддржуваат пишување, вклучително и едноставни математички проблеми во задачите или обезбедување аудио книги за дополнување на читањето.

3.Индивидуализирана програма за образование (ИОП). Поголем број училишта во светот и кај нас имаат обврска да обезбедат индивидуална програма за образование на ученици кои исполнуваат одредени критериуми поврзани со нарушување во учењето. Индивидуализирана програма за образование ИОП поставува цели за учење и одредува методи, техники и стратегии својствени за поддршка на учењето на посебно индивидуално дете во училиште.

4.Терапија за физички вежби на ситна моторика. Некои деца имаат корист од терапијата. Работната терапија може да ги подобри моторните вештини на дете кое има проблеми со пишувањето. Говорен терапевт може да помогне во решавањето на јазичните вештини.

5.Упатување на специјалист. Лекарот може да препорача лекови за третирање на состојбата на детето поврзана со депресија или тешка анксиозност. Исто така се препорачуваат промени во исхраната, употреба на витамини, вежби за очи и употреба на технолошки уреди.

Планот за третирање на децата со нарушувања во учењето најверојатно ќе се развива со текот на времето. Ако детето не напредува, може да се побараат дополнителни услуги или да се побара ревизија на ИОП. Секако секое дополнително вежбање е во прилог, како и фокусирањето на силните страни на детето. Големо значање има Охрабрувањето на детето за активности за кои има интерес што му даваат самодоверба.

Заедно, овие интервенции можат да ги подобрат вештините на детето, да му помогнат да развие стратегии за справување и да ги искористат неговите сили за да го подобрат учењето во и надвор од училиштето.

**ЛИТЕРАТУРА**

Мицковска, Г. (2018). Прирачник за стручни соработници, Поддршка на учениците со потешкотии во учењето, Скопје

Ќимова, Ѓ. (2018). Методика на наставата по психологија. МЦСП. СветиНиколе

Ќимова, Ѓ.(2019). Училишна педагогија. Здружение за теорија и практика на образованието, Образовни рефлексии, Скопје

Dowshen, S. (2015). Learning problems. Kids Health Medical Experts. Neumours..USA

Geva, E., & Wiener, J. (2015). Psychological assessment of culturally and linguistically diverse children and adolescents: A practitioner's guide. New York, NY: Springer.

Kemp,G., Smith, M., Segal, J. (2019).Learning Disabilities and Disorders. Help Guide. Santa Monica, CA

Kliegman RM, et al. (2016). Neurodevelopmental function and dysfunction in the school-age child. In: Nelson Textbook of Pediatrics. 20th ed. Philadelphia, Pa.: Elsevier.

Kliegman RM, et al. (2016). Dyslexia. In: Nelson Textbook of Pediatrics. 20th ed. Philadelphia, Pa.: Elsevier;

Keller-Margulis, M., Payan, A.; Jaspers, K.E., Brewton, C. (2016). Validity and diagnostic accuracy of written expression curriculum-based measurement for students with diverse language backgrounds. Reading & Writing Quarterly: Overcoming Learning Difficulties. 32 (2): 174–198.

Stegemann, K. C. (2016). Learning disabilities in Canada. Learning Disabilities: A Contemporary Journal, (1), 53

Swaiman KF, et al. (2018). Nonverbal learning disabilities and associated disorders. In: Swaiman's Pediatric Neurology. 6th ed. Philadelphia, Pa: Elsevier;

Von Hahn LE. (2019). Definitions of specific learning disability and laws pertaining to learning disabilties in the United States. https://www.uptodate.com/contents/search.